# „На Судниот ден Сонцето ќе биде приближено до створенијата, ќе им се доближи на растојание од една милја.“

Ел-Микдад бин ел-Есвед, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „На Судниот ден Сонцето ќе биде приближено до створенијата, ќе им се доближи на растојание од една милја.“ Сулејм бин Амир рекол: „Се колнам во Аллах, не знам дали мислел на милја како растојание на земјата или на милја како стапче за кохл (шминка за очи).“ Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, продолжи: „Луѓето ќе бидат потопени во потта според своите дела, на некои ќе им биде до глуждовите, на некои до колената, на некои до половината, а некои ќе бидат сосема потопени – така што потта ќе им биде до устата.“ И Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со раката посочи кон устата.

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека на Судниот ден Сонцето ќе биде приближено до созданијата – сè додека не се доближи на растојание од една милја над нивните глави. Табиинот Сулејм бин Амир рекол: „Се колнам во Аллах, не знам на која милја мислел – дали на земјено растојание или на милја како стапче за кохл (шминка за очи).“ Потоа рекол: „Луѓето ќе бидат потопени во потта според своите дела: на некои потта ќе им биде до глуждовите, на некои до колената, на некои до половината и појасот, а некои толку ќе бидат потопени што потта ќе им допира до устата и ќе ги спречува да зборуваат.“ Кога го кажа ова Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со раката посочи кон устата.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee